РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-1854/1 од 29.04.2026 година, со наводи за сомневање за незаконски дејствија при изградбата на хотелот „------" во с. ------, Општина ------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, постапил друг надлежен орган кој не констатирал неправилности.

Предметот со број 12-1854/1 од 29.04.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава со број 12-1854/1 од 29.04.2026 година со наводи за сомневање за незаконски дејствија при изградбата на хотелот „-----"во с. ------, Општина -------, од постапката за издавање на одобрението за градење, измените во текот на градбата, па до постапката за технички прием на објектот.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите од пријавата, ДКСК се обрати до Општина ------ – Сектор инспекторат со барање за доставување на информации и документација во врска со постапката за изградба на предметниот објект.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Општина ----- достави Известување со документација за постапката за издавање на Одобрението за градење, измените во текот на предметната градба, спроведените инспекциски надзори, промената на инвеститор и постапката за технички прием на објектот во кое се наведува следното:

Инвеститорите поднеле барање за издавање на Одобрение за градење на хотел, при што била доставена соодветна проектна документација. По прибавување на потребните мислења и согласности од надлежните органи и институции, Општина ------- издала Одобрение за градење бр. ------- од 03.12.2010 година. Во текот на изградбата биле вршени инспекциски надзори, при што било констатирано дека објектот се гради согласно даденото Одобрение за градење и основниот проект.

Во текот на градбата по претходно прибавени мислења и согласности од належни субјекти и дирекции, општина ------ донела решение за измени во тек со градење на хотелски комплекс, како и промена на инвеститор согласно договор за пренесување на правото на градење. Исто така, бил извршен и вонреден инспекциски надзор, за што бил составен Записник за констатирана состојба ИПбр. ------- од 01.12.2021 год. Истотака, Општината известува дека објектот е евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности имотен лист број ----- врз основа на Извештајот за извршениот технички преглед од надзорен инженер бр. ------- од 08.05.2023 година, а целокупната проектна документација за предметниот објект е достапна на системот е-одобрение.

Имајќи го предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во предметниот случај постапиле надлежни органи, при што не беа утврдени неправилности, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar